**20221792477**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 11 август 2022 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ

Член 1

Со оваа одлука се определува највисоката трговска маржа како посебен услов во трговијата за следните стоки:

- огревно дрво од даб;
- огревно дрво од бука и
- пелети за огрев.

Највисоката трговска маржа за стоките од ставот 1 на овој член за сите трговски друштва и трговци поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на мало се утврдува во висина најмногу до 10%.

Транспортот за испорака на стоките од ставот 1 на овој член до крајните потрошувачи не се пресметува во висината на трговската маржа од ставот 2 на овој член.

Член 2

Највисоката трговска маржа на стоките од членот 1 на оваа одлука ќе се применува до 31 декември 2022 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6790/1
11 август 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.